**20222734122**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 131 став (6) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20 и 67/22), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕВИЗИЈА НА НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНОСТ, ОДНОСНО НЕСПОСОБНОСТ ЗА РАБОТА

Член 1

Во Правилникот за организацијата, составот и начинот на работа на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/13, 13/16 и 2/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 318/20), во членот 3 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Комисијата за ревизија формирана од министерот за труд и социјална политика по претходно објавен јавен повик на веб страната на Министерството за труд и социјална политика или во средствата за јавно информирање, е составена од 15 членови, истакнати медицински стручни лица, од кои по три члена се од следните специјалности: специјалисти по трудова медицина, специјалисти интернисти и специјалисти психијатари.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-8746/2
16 декември 2022 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
м-р **Јованка Тренчевска**, с.р.